Одговор:

1. Во секторот за логистика, работни задачи кои се однесуваат на спроведување на постапки од областа на јавните набавки извршуваат вкупно 22 лица.
2. Сите лица кои ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки.
3. Членовите на Комисиите за јавни набавки се менуваат за секоја набавка.
4. Во прилог е скенирана одлука за јавна набавка за постапка по Оглас бр. 14982/2021.
5. Проценетата вредност се утврдува од страна на носителите на планирање врз основа на претходни анализи и истражување на пазарот кое треба да ги извршат согласно содржината на точка 3 од Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана бр. 01-607/1 од 12.09.2019 година.
6. Исто така со Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана бр. 01-607/1 од 12.09.2019 година, се дефинирани внатрешните правила за изработка на техничките спецификации.
7. Процедурите за изготвување и донесување на Планот за јавни набавки е регулирано со содржината на точка 2 од Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана бр. 01-607/1 од 12.09.2019 година. Следењето на реализација на Планот за јавни набавки се врши преку внесување на податоци за фазите во кои се наоѓа секоја од планираните постапки и изработка на периодични седмични табеларни прегледи кои се доставуваат до надлежните авторитети. За наведената активност не се пропишани правила, но во иднина се планира воведување на електронски софтвер кој ќе го опфати целокупниот процес од објавување на огласите за спроведување на постапките за јавна набавка до целосна реализација на договорите за јавни набавки.
8. Министерството за одбрана има систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки, кој исто така е регулиран со содржината на точка 17 од претходно наведеното Упатство за јавни набавки.

Напоменуваме дека Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана бр. 01-607/1 од 12.09.2019 година е објавено на официјалната интернет страница на Министерството за одрана.